# КЛИНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХУМАНАТА БРУЦЕЛОЗА КАЈ ПАЦИЕНТИ ЛЕКУВАНИ ВО ИНФЕКТИВНОТО ОДДЕЛЕНИЕ-ШТИП

Камчева М., Караѓозова Г., Шишкова-Гајдарџиска Д., Камчев Н.
РЕ Инфективни болести, Општа болница-Штип, Р. Македонија

## ЦЕЛ

Да ја дефинираме клиничката симптоматологија на хуманата бруцелоза кај болни лекувани во Инфективното одделение во Штип.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во период од 10 години обработени се 1598 болни кои се лекувани од бруцелоза и тоа 937(58,63%) мажи и 661 (41,37%) жени. Терапијата е спроведувана по протоколи препорачани од ЦЗО во траење од најмалку 6 недели. За дијагноза беа користени : биохемиски тестови, клинички иследувања (Ro, Eho, KT) I serolo[ki analizi BAB, WRIGHT,Brucela kap.).Према клиничкиот тек и лабораториските резултати 1089 (68,1%) од болните беа со акутна форма на болеста, 338 (21,1%) субакутна и 17 (10,8%) со хронична форма. Кај 7,7% се јавија рецидиви, а реинфекција кај 2,6%.

## РЕЗУЛТАТИ

Од општите симптоми најчесто доминираа: малаксалост, студ, трески, потење, слаб апетит, намалена ТТ. Покачена температура најчесто со ремитентно-интермитентен карактер беше присутна кај 47 9 %,,од болните и тоа воглавном кај болни во акутната фаза. Џглобно мускулни болки беа најчесто на долните екстремитети и лумбосакралната кичма, но ги имаше и во останатите регии. Главоболката беше присутна кај 37,2% од болните. Хепатопмегалијата беше почесто присутна од спленомегалијата, но ретко со позитивен Ехо наод. Покачени трансаминази имаше кај 371 (23,2%). Орхиепидемитис е регистриран кај 257 болни и тоа најчесто кај популација до 35 години. Кај 368 (23,)) болни отсуствуваа клинички смптоми, а се хоспитализирани врз основа на покачени вредности на лабораториски тестови. Најчесто се работи за деца од фамилии во кои има болни од бруцелоза.

## ЗАКЛУЧОК

Бруцелозата во Источниот дел на Република Македонија е често заболување со богата и разновидна смптоматологија која бара комплексен приот како дијагностички така и тераписки.